Согласно член 15 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/2013, 41/2014, 115/2014, 116/2015, 153/2015, 192/2015, 61/2016, 172/201, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19) член 18 од Статутот на Агенцијата за катастар на недвижности (бр. 01-7492/10 Од 30.04.2013 година и бр. 0101-31874/1 од 29.08.2018 година и член 7 од Законот за јавна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр 90/09, 12/11, 188/13, 192/15 и 147/17), Директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесува

# ГОДИШЕН ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ЗА 2021 ГОДИНА

## I. ВОВЕД

Со Заклучокот број 25 на точка 83, од Педесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 2 март 2021 година, **се задолжуваат** сите органи на државната управа, им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа и им се препорачува на единиците на локалната самоуправа, **да изготват и јавно да објават на своите веб страници, Годишен план за спречување на корупцијата соодветен на нивната надлежност**.

Во Годишниот план за спречување на корупцијата за 2021 година (во понатамошниот текст: План) на Агенцијата за катастар на недвижности (во понатамошниот текст: Агенција), се опфатени програмските активности согласно Планот за борба против корупција усвоен на педесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија.

Правна рамка за донесување на Планот преставуваа Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 12/19), Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025.

Годишниот план за спречување на корупцијата за 2021 година на Агенцијата е во насока на реализација на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за борба против корупцијата „Акција 21“, кои се однесуваат на Отчетна власт во борба против корупцијата, во насока на реализација на Стратешкиот план на Агенцијата за периодот 2020-2022 како и во насока на реализација на Годишната програма за реализација на стратешкиот план на Агенцијата и на надлежностите и активностите на Агенцијата, согласно Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 124/19).

Со овој План се детектираат слабостите во постоечкиот систем на работа на Агенцијата во борбата против корупцијата, се утврдуваат стратешките цели кои треба да се постигнат со имплементација на Планот, се предвидуваат мерки и

активности за остварување на целите, се посочуваат клучните носители на активностите и се уредува начинот за постигнување на целите.

Согласно член 8 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" број 55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 124/19), во надлежност на Агенцијата е: управување со ГКИС, вршење основни геодетски работи, вршење премер на недвижностите, вршење премер и одржување на државната граница, вршење геодетски работи за посебни намени, востановување и одржување на катастарот на недвижности, вршење масовна процена на недвижностите запишани во катастарот на недвижности, воспоставување и управување со Графичкиот регистар за градежно земјиште, изготвување на топографски карти, водење Регистар за просторни единици, водење Графички регистар за улици и куќни броеви, водење регистар на цени и закупнини, водење Регистар на преземени недвижности наменети за продажба, воспоставување, одржување и овозможување јавен пристап до Националната инфраструктура на просторните податоци согласно со посебен закон и вршење надзор на работењето на трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи. Агенцијата ги врши и работите поврзани со премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија, премерот и одржувањето на државната граница, геодетските работи за посебни намени поврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација, премерот во функција на изготвување на топографските карти, теренско прибирање на податоци за улици и куќни броеви во функција на Графичкиот регистар за улици и куќни броеви, премерот за примателите на социјална и постојана парична помош и на лицата со ниски бруто примања до 168.000,00 денари годишно и на лица кои претрпеле штета при елементарни непогоди и други несреќи во услови кога било утврдено постоење на кризна состојба во постапката на утврдување правен статус на бесправно изградени објекти, како и другите геодетски работи пропишани со друг закон.

Агенцијата го востановува и одржува катастарот на недвижностите, управува со геодетско - катастарскиот информациски систем, го воспоставува и одржува и јавниот пристап до Националната инфраструктура на просторни податоци. Согласно Законот за катастар на недвижности, АКН работи врз основа на принципите на законитост, стручност, ефикасност, транспарентност, сервисна ориентација, професионалност и одговорност за работењето и постигнатите резултати.

Корисници на услугите на Агенцијата се физички и правни лица и професионалните корисници. Агенцијата учествува во остварувањето на административни услуги по електронски пат согласно со Законот за електронско

управување, заедно со министерствата, другите органи на државната управа, организациите утврдени со закон и другите државни органи, судовите, јавните обвинителства и Државното правобранителство, правни и други лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања, органите на општините, на градот Скопје и на општините на градот Скопје.

## II. ДЕТЕКТИРАНИ РИЗИЦИ

1. Детектирани ризици утврдени со Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025

Во Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025, се дијагностицирани и селектирани приоритетните проблеми кои генерираат висок ризик од корупција и се идентификувани мерки за нивно надминување. Проблемите и мерките што оваа стратегија ги предвидува, се систематизирани во следните области и сектори:

Јавни набавки, Вработувања во јавниот сектор, Политички систем, Правосудство, Здравство. Образование. Труд и социјална политика. Урбанизам и просторно планирање, Животна средина. Спорт, Јавни претпријатија. Медиуми и граѓанско општество.

Во сите анализирани сектори како заеднички именител утврдени се следните ризични фактори:

1) Силно политичко влијание во јавниот сектор;
2) Проблеми во владеењето на правото и ниска стапка на санкционирање на коруптивното однесување на ниво на општество;
3) Неконзистентна регулатива што остава простор за злоупотреби и поттикнување на коруптивно однесување;
4) Ниско ниво на интегритетот на човечкиот фактор и
5) Недоволна транспарентност, систем за надзор и контролни механизми во јавниот сектор.

Во Секторот Земјоделство, утврдена е потребата за редефинирање на системот за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост како и соодветен надзор врз намената на користење на земјиштето и исполнувањето на договорите за користење на државно земјоделско земјиште. Во Секторот Економија и бизнис се забележани ризици за кои е предвидена активност во 2021, поврзана со надлежностите на Агенцијата. **Имено, детектирано е дека во Република Северна Македонија не постои регистар за имотот во државна сопственост, ниту има систематизирани информации за начинот на којшто се управува и располага со тој имот заради што е неопходно воспоставување на регистри на недвижен и движен имот на земјата.**

Составен дел на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 е акционен план, во кој детално се разработени идентификуваните мерки по активности и индикатори.

Во СЕКТОР 5.11. ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС, во точката 2. Јакнење на интегритетот и отчетноста во јавниот сектор, како мерка 1 е посочено Воспоставување на единствена евиденција на недвижниот имот на Република Северна Македонија за што се предложени 2 активности, со рок за реализација, индикатори за исполнување.

| Мерка | Активност | Надлежна институција | Рок за реализација | Индикатор на исполнување | Финансиски импликации |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Воспоставување на единствена евиденција на недвижниот имот на Република Северна Македонија | 1.1. Ажурирање на електронска евиденција на недвижниот имот во државна сопственост, како и недвижниот имот во државна сопственост што го користат државните органи и правните лица основани од државата и ЕЛС | АКН | Прва половина на 2020 - континуирано<br><br>коментар:<br><br>Во шестмесечните извештаи за работа на АКН до Владата на РСМ доставуваме податоци за степенот/процентот на реализираните активности | Воспоставена единствена евиденција за недвижниот имот во државна сопственост преку надградба на електронскиот катастар на недвижности | Нема |
| | 1.2 Обезбедување на транспарентност со вградување на опција да се врши отворено пребарување на имотот во државна сопственост на дистрибутивниот портал на АКН (по ЕИБ, назив на државен орган, тип на недвижност и други критериуми) | АКН | Прва половина на 2020 - континуирано<br><br>коментар:<br><br>До Владата на РС доставивме Информација за доделување на ЕИБ на државните органи со цел запишување и полесна идентификација/пребарување во електронскиот катастар на државниот имот кој ќе биде запишан на нивно име како корисници | Отворен портал на евиденцијата на недвижен имот во државна сопственост | Нема |

Со оглед дека Националната Стратегија во својата суштина цели кон подобрување на животот на граѓаните во Република Северна Македонија и ослободување на општеството од стегите на корупцијата, неопходно е да се обезбеди целосна поддршка на овој процес преку приоритизација на предвидените активности во плановите за работа на сите вклучени институции.

Главни цели на Националната Стратегија се:

1) Зголемување на нивото на политичка одговорност и демонстрирана волја за борба против корупцијата,

2) Совесно управување со политичкото влијание во јавниот сектор и спречување на политичко влијание во работата на независните тела и во постапките регулирани со закон,

3) Јакнење на интегритетот и отчетноста во јавниот сектор,

4) Спроведување на надлежностите во јавниот сектор на законит, транспарентен, етички, економичен, одговорен и ефективен начин

5) Обезбедување на интегритет и транспарентност при вработувањето и политиките за човечки ресурси во јавниот сектор, базирано на систем на вредности и критериуми за квалитет,

6) Јакнење на надзорните и контролните механизми,

7) Дигитализација во јавните служби,

8) Намалување на корупцијата во јавните набавки и во процесот на доделување на грантови, субвенции и друга државна помош,

9) Зајакнување на капацитетите и на посветеноста на органите за спроведување на закон, на обвинителството и судството во откривањето и санкционирање на корупцијата, како и јакнење на отпорноста на корупција во нивните редови,

10) Поддржување на транспарентноста и интегритетот во приватниот сектор,

11) Подигнување на јавната свест и спроведување на антикорупциска едукација и

12) Вклучување на граѓанското општество и медиумите во борбата со корупцијата во општеството и градење на личен и професионален интегритет.

2. Детектирани ризици врз основа на извршените внатрешна контрола и надзор, извршените внатрешни ревизии, од ревизорските извештаи на Државниот завод за ревизија, врз основа на извршените анализа на работата на организационите единици во состав на Агенцијата и од анализата на извештаите од контакт центарот на Агенцијата

Детектирање на проблемите во работата на Агенцијата поврзани со можноста за корупција, се врши со собирање на информации и податоци кои се однесуваат на воспоставените пракси на работа на организационите единици во состав на Агенцијата (согласно Правилникот за организација и работа на Агенцијата), од извршената контрола и надзор од страна на Секторот за контрола и надзор на Агенцијата, од извршените внатрешни ревизии од Одделението за внатрешна ревизија, од ревизорските извештаи на Државниот завод за ревизија, од извештаите од контакт центарот на Агенцијата. Врз основа на добиените податоци се врши анализа на работењето на организационите единици во состав на Агенцијата, која би можела да укаже на слаба отпорност на системот на работа кон евентуални можности за коруптивни дејствија.

Утврдени се неколу ризични точки од аспект за можна корупција во системот на работа на Агенцијата, и тоа:

1) непрофесионална и незаконска комуникацијата со странки при вршење на активностите од надлежност на организационите единици,
2) недоволна транспарентност и недавање на информации поврзани со работењето на Агенцијата, за законската регулатива, за процедурите, за временската рамка за постапување,
3) ризик при проток на информации и злоупотреба на службената должност,
4) непочитување на законските норми и законски утврдените рокови за постапување по поднесени барања, непочитување на подзаконските и интерните акти од страна на вработените,
5) присуство на политички влијанија, злоупотреба на службени влијанија и непотизам,
6) непрофесионално и неетичко однесување при постапување по одредени предмети поврзани со јавноста, надворешните институции и граѓани ,
7) непочитување на начелата на запишување во катастарот на недвижностите,
8) во текот на спроведување на целата постапка за јавни набавки
9) недоречени и контрадикторни законски одредби кои се однесуваат на вработувањата и вработените,
10) при спроведување на секоја поединечна контрола/ревизија, постои ризик од злоупотреба на својата позиција заради непочитување на законските прописи и процедури со цел остварување некоја корист за себе (вработените да се во роднински или други врски со вршителите на контролата/ревизијата што би довело до прикривање на некаква неправилност во работењето на Агенцијата или вработените или нивни близок роднина може да биде ангажиран кај субјектот во кој се врши контрола/ревизија, како и можност да примат поткуп или обезбедување на одредена услуга, со цел да се пропушти одредена утврдена состојба во извештајот.

3. Детектирани ризици утврдени во Планот за борба против корупција „Акција 21", на Владата на Република Северна Македонија

Антикорупциската програма „Акција 21", има за цел да воспостави ефикасен систем на мерки кои ќе овозможат превенција и борба со корупцијата како главен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија со активности кои треба да опфатат:

1) изготвување на анализа за ризични области за корупција во рамките на делокругот на работењето на државните органи како и детектирани недостатоци во законите,
2) идентификување на причините, условите и факторите кои ја овозможуваат корупцијата,

3) јакнење на капацитетите на институциите со особен акцент на јакнење на интегритетот на вработените,
4) навремено постапување во врска со остварување на потребните услуги кон правните и физичките лица и професионалните корисници,
5) почитување на законските прописи, кодексот за етичко однесување на членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата како и на кодексот за административни службеници,
6) спроведување во целост и дополнителна ревизија на етичкиот кодекс за административни службеници, со кој се предвидува дека административни службеници своите задачи треба да ги извршуваат квалитетно, ефикасно, транспарентно и одговорно, притоа применувајќи ги етичките стандарди и правила во однесувањето со странките/граѓаните, колегите и претпоставените,
7) зајакнување на довербата на граѓаните кон институциите и мотивирање да пријават корупција,
8) зајакната контрола и надзор на јавните набавки имајќи ги предвид утврдените проблеми при донесување на годишните планови за јавните набавки:
    - потреба од правилно утврдување и образложување на потребите за набавки во однос на видот, квалитетот, количината и рокот на испорака на стоките, услугите и работите, што ќе бидат предмет на набавка.
    - утврдување на реална проценета вредност - потреба од спроведување на истражување на пазарот пред да се изработат плановите за јавни набавки и да се донесат одлуките за набавките.
    - зголемен мониторинг над доследното почитување на Законот за јавни набавки при објавување на известувања за склучен, реализиран договор, измени на договорите, вклучително и договорите од спроведени постапки со преговарање без објавување на оглас.
    - доследно следење на реализација на договорите.
    - почитување на начелото за транспарентност, како и отчетност и интергитет при спроведувањето на јавните набавки.
    - утврдување на услови за учество и критериуми за избор на најповолна понуда.
    - изворниот код за сите софтвери што ги набавуваат договорните органи не е заштитен.
    - набавка на стоки, за кои се изготвуваат различни технички спецификации за ист вид на набавка.
9) Почитување на прописите за именување на членовите на управните и надзорните одбори во делот на дискреционо одлучување за број на членови во управните одбори кај дел од органите, нетранспарентна постапка за нивно именување, непостоење на воедначеност во однос на

број на членови на управниот одбор и надзорниот одбор, видот на образованието кое треба да го имаат членовите, работното искуство по дипломирање и надоместокот кој им се исплаќа,

10) План за изменување и дополнување на прописите од областа на административните службеници и вработените во јавниот сектор,
11) Донесување на Закон за плати во јавниот сектор, постапки за пополнување на работните места преку вработување, унапредување и мобилност,
12) Дискрециони одлучувања во постапка за мобилност на вработените и ефикасно функционирање на трансфер листата за можни преземања,
13) Зајакнување на меѓуинституционалната координација и соработка на институциите преку платформата Интероперабилност, со цел воспоставување на ефикасен систем за превенција и борба со корупцијата,
14) Систем за следење на предмети и претставки со воведување на повикувачки центар (платформа) преку кој правните и физичките лица и професионалните корисници ќе можат да пријават ненавремено постапување на надлежните институции по однос на нивните поднесени барања, како и потенцијална корупција во сектори.

## III. ЦЕЛИ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА НА АКН ЗА 2021

Донесувањето на овој План е со цел создавање и унапредување на воспоставената антикорупциска инфраструктура во Агенцијата, преку унапредувањето на примената за законите со кои се регулира областа на борбата против корупцијата, зголемување на транспарентноста во работењето на Агенцијата и создавање на одржлива институционална и правна рамка за борбата против корупцијата, која истата треба да ја намали во прифатливи граници и да ја сведе на маргинална општествена појава. Заради создавање предуслови во јавната администрација, која може и мора да соработува, за исполнување на зголемените очекувања за подобри јавни услуги за граѓаните и за деловната заедница, Агенцијата и во иднина ќе продолжи да соработува со другите државни органи и институции со цел воспоставување на ефикасен систем за превенција и борба со корупцијата.

## IV. МЕРКИ, НАЧИН И АКТИВНОСТИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ НА ПЛАНОТ

Врз основа на детектираните ризици во работата на Агенцијата поврзани со можна појава на корупција, а за остварување на целите на планот за 2021 година за спречување на корупцијата, се предвидуваат следните мерки:

1. Детектирани ризици утврдени со Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025

За СЕКТОР 5.11. ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС, точка 2. Јакнење на интегритетот и отчетноста во јавниот сектор, се преземаат следните мерки:

1) воспоставување на единствена евиденција врз основа на единствен идентификациски број (ЕИБ) за недвижниот имот во сопственост на Република Северна Македонија, како и недвижниот имот во сопственост на Република Северна Македонија што го користат државните органи и правните лица основани од државата;

2. Детектирани ризици врз основа на извршените внатрешна контрола и надзор, извршените внатрешни ревизии, од ревизорските извештаи на Државниот завод за ревизија, врз основа на извршените анализа на работата на организационите единици во состав на Агенцијата и од анализата на извештаите од контакт центарот на Агенцијата

Врз основа на детектираните ризици во работата на Агенцијата поврзани со можна појава на корупција, а за остварување на целите на планот за 2021 година за спречување на корупцијата, се предвидуваат следните мерки кои се во насока на реализација на стратешките приоритети и цели на Владата на Република Северна Македонија.

1) Агенцијата да продожи да работи врз основа на принципите на законитост, стручност, ефикасност, отвореност, сервисна ориентација, професионалност и одговорност за работењето и постигнатите резултати,
2) Агенцијата да биде современа агенција ориентирана кон корисниците, која работи на подобрувањето на услугите но и на сопствениот развој, лесно достапна за корисниците преку редовно информирање на стручната јавност и професионалните корисници како и медиумите, за активностите, услугите и производите, за развојните програми и цели, преку печатени медиуми, веб страната на Агенцијата,
3) зголемување на задоволството и довербата на корисниците на услугите, од работата на Агенцијата и континуирано следење на јавното мислење преку спроведување на анкети,
4) обезбедување точна и навремена информација до корисниците и како информации од јавен карактер, објавување на листа на вработени, објавување на извештаи изработени од надлежни институции од делокругот на работењето на Агенцијата,
5) континуирано ажурирање и надградба на веб страната на Агенцијата,

6) информирање на јавноста, преку промоција на услугите, со што корисниците ќе знаат кои услуги може да ги добијат од Агенцијата за колку време и за кој износ,
7) организирање и одржување на обуки за професионалните корисници,
8) подобрување на квалитетот на податоците од катастарот на недвижности кое се однесува на подобрување на постојната нестандардизирана структура на записите во катастарот на недвижности. со подобрување на нивниот квалитет, со што ќе се намали бројот на судски предмети во редовните судови, каде што како тужител или тужен се јавува Агенцијата,
9) изготвување на нова законска регулатива за геодетска дејност и водење на регистри, со која Агенцијата ќе го добие вистинското место во општеството, ќе бидат пропишани сите потребни норми и правила за негово работење,
10) Почитување на процесите-интерните процедурите за работа изработени според систем на управување со квалитет ISO 9001:2015, во насока на јакнење на одговорноста за успешно планирање и остварување на задачите,
11) Следење на постапувањето по дадените ревизорски препораки и подготвување на известување за постапување по препораките за секоја извршена ревизија, контрола и надзор,
12) воспоставување на нова организациона структура и донесување на нов акт за внатрешна организација и систематизација,
13) изработка на ИКТ Стратегија,
14) реинженеринг на код и редизајн на кориснички интерфејс на системот електронскиот катастар кој дава дава можности за редовно следење над работењето на Центарот за катастар на недвижности- Скопје и одделенијата за катастар на недвижности, како и следење на реализацијата на поставените рокови за постапување по предметите утврдени со Законот за катастар на недвижности,
15) реинженеринг на компоненти на системска/апликациска архитектурата и редизајн и модернизација на web кориснички и управувачкиот интерфејс на порталот http://ossp.katastar.gov.mk/OSSP/ на кој се достапни податоците од катастарот на недвижности, геодетските и картографските податоци, податоците од Регистарот на просторни единици, како и повеќе видови тематски податоци (Регистар на цени и закупнини, инфраструктури, урбанистички планови и др.) за целата територија на нашата држава,
16) реинженеринг/редизајн на кориснички интерфејс/изработка на нов современ систем за обработка на графички и атрибутни податоци за катастар на недвижности и катастар на инфраструктурни објекти како дел од катастар на недвижности согласно потребите на Агенцијата и професионалните корисници;
17) создавање на едуциран и високомотивиран кадар и обучени професионални корисници,

18) ефективно управување со бизнис-процеси,
19) изградба на нов објект,
20) издигање на институцијата во лидер по иновациите, примена на новитети и начин на брзо и сигурно работење,
21) зголемен надзор и контрола на одржувањето на катастарот на недвижности и надзор на приватниот геодетски сектор,
22) подобрување на своите услуги кон крајните корисници, што ќе овозможи поголема достапност како и подобрување на квалитетот на геопросторните информации, нивна хармонизација како и хоризонтално вмрежување со институциите,
23) развој и имплементација на веб и мобилна апликација "МОЈ ИМОТ". чија намена е сопствениците на недвижен имот, во секо време да имаат увид во својата недвижност и правните процеси поврзани со истата, како и останати правни процеси кои можат да влијаат на нивната сопственост. Сопствениците на недвижен имот преку апликацијата ќе имаат можност сите информации поврзани за својата недвижност да ги добиваат преку e-mail, како и да ги препраќаат мануелно/автоматски до претходно избрани/дефинирани листи на адвокат, нотар или геодетска компанија со избирање од официјална листа од соодветните комори,
24) Подобрување на комуникацијата со засегнатите страни и тоа со општините, министерствата и професионалните корисници, со континуирано развивање на комуникациските планови за воспоставување на Графички регистар на улици и куќни броеви, за геодезија, за НИПП, за Скен Центар и за ИТ, кои ги објаснуваат процедурите и постапките за начинот на комуникација на Агенцијата со засегнатите страни,
25) Организирање низа на работилници со цел подготовка на Стратегијата за односи со јавноста,
26) имплементација на функционален систем за електронско плаќање за услугите (интегриран физички и виртуелен пос терминал),
27) дигитално интегрирање на алфанумерички и графички податоци за катастарот на недвижности во единствена централизирана база на податоци,
28) овозможен on-line пристап до податоците на Агенцијата,
29) оперативен електронски шалтер за професионалните корисници,
30) воспоставен систем за електронско управување со ресурсите и документите,
31) поседување аналогна архива со геопросторни податоци и збирка на исправи со трајна вредност,
32) дистрибуција на геопросторните податоци преку други правни субјекти (нотари, приватни геодетски фирми, локална самоуправа, министерства, извршители, проценители, банки и други),
33) воведена законска обврска на органите кои вршат јавно овластување (судови, министерства, ограните на државната управа и единиците на локалната

самоуправа) за доставување на исправите кои содржат правен основ по електронски пат,

34) зголемен процент на примени предмети по електронски пат,
35) намален бројот на корисници на шалтерите на Агенцијата,
36) функционален катастар на инфраструктурни објекти, како дел од катастарот на недвижности,
37) воведување нови е-услуги за подобро опслужување на корисниците,
38) воспоставување на центар за скенирање,
39) продлабочување на соработката со научните институции од соодветни области,
40) поврзување со Регистри на податоци во надлежност на други институции, а со цел подобрување на квалитетот на податоците во базата на податоци на Агенцијата,
41) подобрување на квалитетот на податоците од катастарот на недвижности кое се однесува на подобрување на постојната нестандардизирана структура на записите во катастарот на недвижности, со подобрување на нивниот квалитет со што би се намалил бројот на судски предмети пред редовните судови, каде што како тужител или тужен се јавува АКН,
42) Координирање на НИПП (национална инфраструктура на просторни податоци) активностите во Република Северна Македонија што вклучува хармонизација на националното со европското законодавство, подигнување на јавната свест и разбирање на визијата, концептите и придобивките од НИПП, креирање метаподатоци, изработка на веб- услуги за преглед на податоци и нивно публикување на националниот геопортал и создавање технички предуслови за НИПП,

## 3. Детектирани ризици утврдени во Планот за борба против корупција „Акција 21", на Владата на Република Северна Македонија

Врз основа на детектираните ризици во работата на АКН поврзани со можна појава на корупција, а за остварување на целите на планот за 2021 година за спречување на корупцијата, се предвидуваат следните мерки кои се во насока на реализација на Планот за борба против корупција „Акција 21", на Владата на Република Северна Македонија.

1) Зголемување на употребата на Националната платформа за интероперабилност за потребите на надлежните органи за борба против корупција, Зајакнување на меѓуинституционалната координација и соработка на институциите преку платформата Интероперабилност, со цел воспоставување на ефикасен систем за превенција и борба со корупцијата,

2) Обврска да се обезбеди сопствен комуникациски клиент, кој претставува медијатор помеѓу позадинските системи во Агенцијата и централните сервери на платформата за интероперабилност,
3) Потреба од усогласување на законодавството во областа на дигитализацијата како механизам за борба против корупција,
4) Истовремена и координирана измена на неколку закони во насока на олеснување на постапките што ги водат граѓаните пред надлежните органи, но и во насока на автоматизиран процес на издавање на акти кој значи и пократко време на чекање на одреден документ, потребна е. Дополнително, ваквата активност е неопходна и заради надминување на констатираните системски слабости,
5) Доследно спроведување на Законот за заштита на укажувачи со цел подигнување на свеста кај граѓаните и нивно охрабрување да пријавуваат случаи на корyптивно делување,
6) Обврска за изготвување на интерни процедури за спроведувањето на постапките за јавни набавки и реализација на договорите, и нивно јавно објавување на својата веб страна.

## V. НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИТЕ

Носители на предвидените активности во Годишниот планот на Агенцијата за спречување на корупција за 2021 година се раководните лица и вработените во соодветните организациони единици, согласно Актот за организација и работа на Агенцијата.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Овој План влегува во сила на денот на неговото донесување а истиот ќе биде објавен на веб страната на Агенцијата.

Директор

м-р Борис Тунџев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ СКОПЈЕ